# Централна кооперативна банка АД Скопје

*Прилог 3б*
*Доверливо*

Број 10.1-___________

# РАМКОВЕН ДОГОВОР

## за отворање и одржување на платежни сметки и за користење на платежни услуги за физички лица

Денес, _________________, во град _________________ , помеѓу:

**1. Централна кооперативна банка АД Скопје,** со седиште во град Скопје, улица 1732 број 2, со матичен број 4640063, застапувана од Претседателот на Управниот Одбор, Неделин Валчев, и членот на Управниот одбор ________________________, преку полномошникот ______________________ овластен од Управниот Одбор на Банката, **во понатамошниот текст наречена - БАНКА,** од една страна, и

**2.**_____________________________________________________________________________________ со адреса ________________________________________, со лична карта бр. (___________) / патна исправа бр. (___________) издадена од МВР______________ и ЕМБГ _______________________________________ , вработен во _________________________________

(**во понатамошниот текст наречен: Корисник**), од друга страна, се склучи следниот **Рамковен договор**:

**Предмет на Договорот**

**Член 1**

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу Банката и Корисникот во врска со отворање, одржување и затворање на платежни сметки, и за извршување на платежни услуги, вклучувајќи поединечни и последователни платежни трансакции, согласно со важечките законски прописи и интерните акти пропишани од страна на Банката.

**Член 2**

На барање на Корисникот а врз основа и под услови од овој договор, Банката отвора платежна сметка на негово име, преку која Корисникот е согласен да ги прима сите уплати, да врши плаќања како и да врши исплата на готови пари.

Во доставеното Барање, кое е составен дел на овој договор, Корисникот го определува видот на сметката, валутата, активноста, намената на сметката, начинот на информирање и друго во врска платежните услуги.

За користење на платежни услуги со платежна картичка или користење на дигиталните канали на Банката, Банката на барање на Корисникот ќе овозможи користење на услугите согласно Дополнителните услови кои се составен дел на Општите услови за склучување рамковни договори за отворање и одржување на платежни сметки и за вршење на работите на платежни услуги.

При доставување на барање за отворање на нова сметка, Банката и Корисникот нема да склучат нов договор, а отворањето и работењето со сметката ќе се смета дека е согласно овој договор.

**Член 3**

Со потпишувањето на овој рамковен договор Корисникот изјавува дека е запознаен и дека ги прифаќа Општите услови за склучување рамковни договори за отворање и одржување на платежни сметки и за вршење на работите на платежни услуги, пропишани од страна на Банката а кои се сметаат за составен дел од овој договор.

Банката го задржува правото да ги менува општите услови, за што мора претходно да го извести Корисникот.

Корисникот се обврзува дека при извршување на платните трансакции ќе го почитува важечкиот термински план за работење на Банката, објавен од Банката.

**Располагање со средствата на сметката**

**Член 4**

Корисникот располага со средствата на сметката отворена во Банката.

Корисникот може да овласти друго лице за располагање со средствата на сметката врз основа на писмено Полномошно дадено лично во присуство на одговорен работник на Банката на соодветен образец, или полномошно заверено кај нотар.

Полномошното има важност до негово отповикување од страна на Корисникот на истиот начин како што е дадено, до раскинување на овој договор или во останати случаи предвидени со закон.

Доколку настане материјална штета од даденото полномошно за располагање со средствата на сметката, истата во целост ја надоместува Корисникот.

За располагање со средствата на сметката, Корисникот и/или лицата овластени за располагање со средствата, до Банката може да достават и Листа на депонирани потписи на лица овластени за располагање со средствата на сметката, со потписи депонирани пред службеник на Банката или пред надлежен нотар.

**Член 5**

Банката извршува плаќања од сметката на Корисникот до висината на состојбата на паричните средства на сметката.

Под состојба на парични средства се подразбира состојбата на сметката од претходниот работен ден, намалена за сите извршени плаќања од сметката заедно со предвидените банкарски надоместоци до моментот на утврдување на салдото, а зголемена за евидентираните уплати на сметката во тековниот ден и износот на одобрениот, а неискористен рамковен кредит (дозволено пречекорување на сметката) доколку такво пречекорување е дозволено.

За платни налози на износи кои се определени како големи плаќања, или износи чие извршување може да има влијание во тековното работење на Банката, Корисникот е должен за истото претходно да ја извести Банката најмалку 2 (два) работни дена пред датумот на реализација наведен на платниот налог. Во спротивно, Банката може да го одбие или одложи извршувањето на платниот налог.

Банката може да му одобри на Корисникот рамковен кредит (дозволено пречекорување на сметката) согласно со актите на Банката или во одредени случаи врз основа на посебно склучен договор, за што преку изводот од сметката ќе го извести Корисникот.

Корисникот е согласен Банката да ги задржува сите приливи по сите основи на платежната сметка, сè до целосно измирување на негативно салдо на сметката (дозволено и недозволено пречекорување).

Доколку Корисникот не го покрие негативното салдо на сметката, Банката има право да поведе судска постапка за присилна наплата на своето побарување.

**Извршување на платни инструменти**

**Член 6**

Корисникот е должен да доставува правилно и точно пополнети платни инструменти. За евентуално настанатата штета по основ на погрешно или неправилно пополнети платни инструменти, Банката нема да сноси одговорност.

**Член 7**

Корисникот може да ја овласти Банката да врши плаќања во негово име и за негова сметка кон трети лица. Овластувањето се дава во писмена форма пред овластен работник на Банката, или заверено кај нотар, а со назначување на сите потребни елементи за извршување на плаќањето.

Доколку Корисникот го откажува претходно даденото овластување, или ги менува претходно дадените инструкции, должен е писмено да ја извести Банката во рок од 5 дена пред денот на извршувањето на плаќањето, во спротивно Банката не сноси одговорност за евентуално настаната штета.

**Член 8**

Корисникот ја овластува Банката да ја задолжува неговата сметка по основ на рекламации, доспеани, а неподмирени обврски кон Банката, надоместоци согласно со важечката Тарифа на Банката, како и во останати случаи предвидени со закон.

При уплати или пренос на средства во корист на сметките на Корисникот во Банката по налог на Корисникот или по налог од трето лице, Корисникот е согласен за средствата кои се евидентираат преку сметката, Банката да подготви и изврши налози согласно со инструкциите наведени во платниот инструмент доставен од негова страна или третото лице како налогодавач.

**Камати и надоместоци**

**Член 9**

Средствата на платежната сметка на Корисникот се средства по видување со кои Корисникот може да располага во секое време. Банката пресметува и плаќа камата на средствата на Корисникот согласно со Одлуката за каматни стапки на Банката и така пресметаните камати ги припишува на состојбата на сметката на крајот на пресметковниот период и при затворање на сметката.

**Член 10**

Корисникот се обврзува за извршување на услугите од овој договор и врз основа на овој договор да и плаќа на Банката надоместоци во висина, во рокови и на начин согласно со Тарифата за надоместоци за услугите што ги врши Банката.

Со потпишување на овој Договор, Корисникот ја овластува Банката и и дава неотповиклив налог да ги наплатува надоместоците и трошоците од претходниот став на товар на средствата од неговите сметки отворени во Банката.

Доколку во моментот на наплата на надоместокот нема доволно парични средства на сметката на Корисникот од која се врши наплатата, Корисникот е согласен Банката да го наплати пресметаниот надоместок од било која сметка на Корисникот доколку на неа има средства за наплатата.

**Информирање и заштита на лични податоци**

**Член 11**

За состојбата и настанатите промени на средствата на сметката, Банката се обврзува да го известува Корисникот со доставување извод за промените и состојбата на средствата на сметката, на еден од начините понудени од страна на Банката, а прифатен од страна на Корисникот. Се смета дека Корисникот го прифаќа изводот и трансакциите содржани во истиот, доколку не го оспори и поднесе приговор/рекламација во рок од 13 (тринаесет) месеци од денот на неговото изготвување.

**Член 12**

Банката во согласност со важечките законски прописи, податоците за сметките ги пренесува во Единствениот регистар на сметки, кој се води во Централниот регистар на РСМ.

Договорните страни се обврзуваат дека како доверливи ќе ги чуваат сите документи, податоци и информации за кои добиле сознание во врска со извршување на овој Договор, за времетраење на Договорот, како и по неговото раскинување или откажување, освен во случаите пропишани со законските прописи или ако поинаку не се договорат.

Документите, податоците и информациите за работењето со сметките може да се достават на барање на Корисникот, на овластен орган во согласност со закон или на трети лица врз основа на писмена согласност од Корисникот.

Заради заштита на своите интереси, Корисникот е должен како доверливи да ги чува сите податоци поврзани со работењето на сметките.

Банката не одговара за каква било штета настаната за Корисникот како резултат на непочитување на обврските од овој член.

Корисникот е согласен Банката да врши обработка и ажурирање на неговите податоци, да ги користи за анализа на неговото работење во Банката, за наплата на долг кон Банката, како и во останати случаи предвидени со закон.

**Член 13**

Корисникот се обврзува за секоја настаната промена, односно промена на личните податоци, промена на адреса, промена на секој податок претходно доставен до Банката, како и промена на даденото полномошно за располагање со средствата на сметката, писмено да ја извести Банката во рок од 3 дена од денот на настанатите промени. За евентуална штета на Корисникот, настаната заради ненавремено известување од страна на Корисникот, Банката нема да сноси одговорност.

**Измени и раскинување на Договорот**

**Член 14**

Доколку Банката изврши измена и дополнување на општите услови како составен дел од овој договор, за измените најдоцна во рок од 2 месеци пред почеток на примена на измените ќе го информира Корисникот, во писмена форма на хартија со нивна објава во деловните простории на Банката, или на траен медиум преку интернет-страницата на Банката www.ccbank.mk, или на еден од договорените начини на комуникација.

Корисникот е согласен и ги прифаќа измените и дополнувањата на општите услови доколку пред почетокот на примената на истите писмено не ја извести Банката за неприфаќање на измените и раскинување на рамковниот договор.

Овој договор се склучува на неодредено време. Истиот може да го раскине една од договорните страни со отказен рок од 30 дена.

Банката може еднострано и без најава да ја затвори сметката на Корисникот, доколку состојбата на паричните средства на сметката изнесува нула во непрекинат период од 24 месеци.

За раскинување на овој договор Корисникот поднесува барање до Банката.

Корисникот не може да го раскине Договорот во предвидениот отказен рок и да ја затвори сметката доколку за истиот има евидентирано неизвршени основи за присилна наплата, или доколку Корисникот има неподмирени обврски кон Банката

Во случај на раскинување на Договорот, престануваат со важност сите полномошна и овластувања дадени од Корисникот во врска со сметката.

Банката може да го раскине Договорот без отказен рок ако утврди дека Корисникот се однесува спротивно на одредбите од овој договор, општите услови за работење и важечките прописи, врз основа на одлука на овластен орган, врз основа на закон, или доколку на сметката нема средства, а преку истата не користи платежни услуги повеќе од две години.

Во случај на раскинување на Договорот од страна на Банката, Банката ќе ги пренесе средствата од сметката на Корисникот на друга евиденциска сметка врз основа на инструкции од Корисникот, или согласно со одлука од суд, како и друг надлежен државен орган или друга институција, а доколку во рок од 8 (осум) дена Корисникот не достави инструкции, Банката ќе ги пренесе средствата на сметка по свој избор.

**Завршни одредби**

**Член 15**

Доколку настанат промени во законските прописи со кои се регулираат платежните услуги, Банката ќе ги примени новите прописи кои ќе влезат во сила во времето на важење на овој договор. Доколку таквите промени се несоодветни на деловните интереси на Корисникот, тој има право да го раскине Договорот согласно со условите од овој договор.

Договорните страни се согласни дека како уредна ќе се смета доставата на пошта извршена на последната пријавена адреса од страна на Корисникот.

**Член 16**

За сè она што не е предвидено со овој Договор важат позитивните законски акти и прописи во РСМ, како и актите на Банката.

**Член 17**

Во случај на спор по овој Договор, договорните страни се обврзуваат истиот да го решат спогодбено, а во случај на неуспех, спорот ќе го решат пред Основниот граѓански суд во Скопје.

**Член 18**

Договорот е составен во 2 (два) идентични примероци, од кои по еден за секоја договорна страна.

**Член 19**

Договорот е склучен и стапува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

**КОРИСНИК** | **ЦЕНТРАЛНА КООПЕРАТИВНА БАНКА АД СКОПЈЕ**